Република Северна Македонија

СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТИ ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Советот за безбедност и здравје при работа на Република Северна Македонија во однос на имплементација на системите за БЗР во компаниите, а кои произлегуваат од Законот за БЗР, препорачува:

1. Имајќи ја во предвид законската обврска за воведување и спроведување на мерки за безбедност и здравје при работа, почитувајќи го при тоа пред сѐ начелото на превенција, т.е. избегнување на ризиците, работодавачите во координација со овластените правни субјекти за вршење стручни работи за безбедност при работа и овластените здравствени установи за медицина на труд со кои имаат потпишано договор за соработка, стручните лица за безбедност при работа и претставниците на вработените за БЗР, да донесат план на мерки за безбедност и здравје при работа во услови на опасност од ширење и зараза со КОРОНА вирусот COVID-19, кој ќе се ажурира согласно мерките и препораките на Владата и надлежните органи за заштита и превенција од КОРОНА вирусот и со истиот задолжително да ги запознаат сите вработени.

2. Обуките на работниците за БЗР да продолжат да се реализираат, согласно законските одредби, за работници кои работат на работни места со зголемен ризик и за работници за кои работодавачот заедно со стручното лице ќе оцени дека обуките се неопходни. Теоретскиот дел на обуките да може да се одвива on-line, додека практичниот дел да се спроведува со строго почитување на препораките и мерките на Владата и надлежните институции за справување со кризата. Препорачуваме компаниите, во координација со своите стручни лица за БР, овластените правни субјекти за БР и овластените здравствени установи, да донесат процедура за реализација на обуките, дефинирајќи го начинот како ќе се одвиваат (просторија за обука, број на вработени кои можат да ја следат on-line обуката, растојание помеѓу присутните работници, користење на маска, ракавици и др.);

3. Спроведените on-line обуки да бидат признаени и прифатени од ДИТ;

4. Согласно проценките на ризик на работни места да се прилагодат условите за работа применувајќи ги препораките и мерките на Владата за заштита од зараза со КОРОНА вирусот. Работодавачот да ги утврди критичните работни места (зголемен контакт со странки, работници, прием на материјали и сл.) и предложи соодветни мерки за заштита од зараза.

5. Сите досега издадени документи и извештаи во областа на БЗР на кои им истекува рокот на важност да продолжат да важат во услови на вонредна состојба (уверенијата издадени за работници кои работат на работни места со зголемен ризик, проценки на ризик на работни места, мерења на штетности и микроклиматски услови, редовни тестирања и контрола на работната опрема, испитувања на нисконапонски електрични инсталации..);

6. Доколку работодавачот и стручното лице за БР оценат дека е неопходно да се изврши тестирање или контрола на работната опрема, испитувања на нисконапонски електрични инсталации, мерење на штетности или микроклиматски услови поради зголемен ризик, истите да се споведат со строго почитување на мерките за заштита од зараза со КОРОНА вирусот, согласно препораките на Владата;

7. Да се интензивираат on-line консултативните советодавни услуги со овластените правни субјекти за вршење на работи од областа на безбедност при работа, како и овластените здравствени установи со кои компаниите имаат склучено договори, со цел намалување на ризиците на работното место и зачувување на здравјето на работниците во услови на можна зараза со КОРОНА вирусот.

8. Овластените здравствени установи по медицина на труд, треба да ја прилагодат работата кон новонастанатите услови со проактивно делување и координирање на активностите кои се однесуваат на нивната советодавна и консултантска улога за потребите и барањата на работодавачите: давање предлози и мерки на работодавачот за заштита на здравјето на вработените кои се изложени на голема опасност од повреда или нарушување на здравјето; утврдување и проучување на причините за инвалидност и професионални болести во врска со работењето и повреди при работа со предлагање на соодветни безбедносни мерки; водење на евиденција и прибирање на податоци за здравјето на вработените во согласност со посебните прописи.

СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ
ПРИ РАБОТА